- ИЗРАЕЛСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА
- СТУДЕНТИТЕ И БИБЛИОТЕКАТА
- ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2017
- РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2017
- ПРОЕКТ „МЛАДИ ПОЕТСКИ ПЕРФОРМАНСИ“
- ДОНАЦИЈА ОД АВСТРИСКАТА АМБАСАДА





# Библиотечен Тренд

Број 46-47 2019

СПИСАНИЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА
"СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА

**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**

СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА

*

**Издавач**
Национална установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Пеце Матичевски бр. 39

*

**За издавачот**
м–р Бојан Стефановски

*

**Издвачки совет:**
д-р Николче Вељановски,
претседател
Јоланда Бошевска
Гордана Пешевска

*

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

*

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски

*

**Лектура**
Александар Димитров

*

**Подготовка и печат**
Графо Пром – Битола

*

**Тираж**
200 примероци

**ISSN 1409–9497**

Тел/факс.: 047/220-208;
Тел.: 047/220-515;
Тел. на Изд.: 047/232-999
www.nuub.mk
e-mail: nuub@nuub.mk

# СОДРЖИНА

## ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА БОХУМ (ГЕРМАНИЈА)
*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник* . . . . . . . . . . 3

ВО ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО ХАНГЏОУ (НР КИНА)
*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник* . . . . . . . . . . 4

УНИВЕРЗИТЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА „МАРИЈА КИРИ СКЛОДОВСКА“
ВО ЛУБЛИН, ПОЛСКА
*Подготвила Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник* . . . . . 5

## БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ

ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2018
*Приредила Гордана Пешевска, библиотекар–советник* . . . . . . . . . . 6

ГРИЖА ЗА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО БИБЛИОТЕКАТА
*Подготвила Ленче Андоновска, библиотекар советник* . . . . . . . . . . 7

45. ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА БЗМ
*Подготвила Гордана Пешевска, библиотекар – советник*. . . . . . . . . . 7

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА
*Подготвил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*
*Текстови: м-р Јелена Петровска, библиотекар советник, м-р Фатма Бајрам Аземовска, виш библиотекар, Илче Стојановски, виш библиотекар, Александар Крстев, библиотекар* . . . . . . . . . . 8

АКТИВНОСТИ ВО ДЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА
*Подготвила Фатма Бајрам Аземовска, библиотекар* . . . . . . . . . . 18

ДВАЛЦА БИБЛИОТЕКАРИ СОВЕТНИЦИ ВО ПЕНЗИЈА. . . . . . . . . . 22

13. РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ
*Подготвил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*. . . . . . . . . . 22

ИЗЛОЖБИ 2018. . . . . . . . . . на внатрешен дел од задна корица



*М-р Бојан Стефановски, директор*

Навистина, посебна е честа да се раководи со една национална установа како што е Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ Битола, во која поголемиот дел од вработените се со долго работно искуство и кои во изминатиот период се докажале со својата стручност и нивното настојување во осовременувањето на библиотечните процеси, како во Библиотеката, така и во помагањето за автоматизирање на другите библиотеки во Југозападниот регион и пошироко. За таа цел, преку проекти, воспоставуваме и соработка со библиотеки во странство, земаме учество на конференции како што е Меѓународната федерација на библиотечните асоцијации (IFLA), конференцијата за COBISS на IZUM, Марибор и т.н. Во најново време беше потпишан и договор за соработка, односно ја прифативме иницијативата на Јавната библиотека на Хангџоу за формирање на Унија на библиотеки меѓу НР Кина и сите земји на Централна и Југоисточна Европа.

Секако дека не е лесно да се продолжи со успешна реализација на идните проекти доколку не бидат обезбедени финансиски средства. Моите заложби ќе бидат во насока на развивање на функциите на Библиотеката во која нема да бидат запоставени најмладите читатели како идни средношколци, студенти и возрасни. За да ги привлечеме студентите да се почувствуваат како дел од Установата ќе се потрудиме да ја набавуваме потребната стручна и научна литература во соработка со Универзитетот во Битола, а притоа читалните да им станат топло катче за учење.

Веќе работиме на проекти за отстранување на приоритетните реални недостатоци како што се стеснување на просторот за сместување на фондот кој постојано се зголемува и лифт преку кој треба да се манипулира со библиотечниот материјал од магацинот за книги до најгорниот кат каде што се читалните и стручните оддели.

Нашите активности се непрекинати, реализираме најразлични програми, креативни и едукативни работилници, изложби промоции, дружења со писатели и поети, професори кои ја промовираат својата работа, им излегуваме во пресрет на потребите на разни неполитички и непрофитни организации за пропагирање на своите активности, на индивидуални млади вљубеници во пишаниот збор кои сакаат да ги промовираат своите почетнички дела, сè со цел, развивање на образованието, науката и културното живеење во Битола.

Нека ни е честит 8-ми Декември денот на нашиот патрон Свети Климент Охридски, нашиот учител, просветител, писател и инспиратор.

# УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА БОХУМ (ГЕРМАНИЈА)

*Подготвила: м-р Јелена Петровска,*
*библиотекар советник*

На покана од директорот на Универзитетска библиотека Бохум Ерда Лап, од 21 до 26 април беше реализирана работна посета на една од најголемите и најразвиените библиотеки во Германија, како и посетата на една училишна библиотека во градот, каде што имавме прилика да ги проследиме активностите на библиотеката во областа на анимирањето на ученици и родители како волонтери во организација на библиотечните активности.

Работната посета беше конципирана во повеќе делови каде што имавме прилика да ги проследиме предавањата поврзани со отворен пристап до базите на податоци во Германија, како и можностите за нивно користење и обука на корисниците. Во Библиотеката во Бохум се организираат 375 курсеви со над 5500 учесници. Целна група се студенти, магистранти и докторанти за кои се предвидени посебни обуки.

Библиотеката поседува три модерно опремени соби за учење со компјутери за секој корисник, а во програмата се вклучени 24 колеги од различни области.

За членовите на Библиотеката од повисоките категории на образование се организираат и индивидуални консултации зависно од нивните потреби. Најпопуларни курсеви се Citavi, EndNOte, Mendely и Zotero. Исто така, Библиотеката нуди и индивидуална поддршка за печатење на научните трудови во форма на open access. Трудовите се индексираат и постираат во повеќе сервиси во облик на монографски публикации, но и во облик на сериски публикации, есеи, научни извештаи итн.

Практичната работа со германските библиотекари се однесуваше на взаемно пренесување на искуства во библиотечното работење со корисниците, особено во делот на начини за пријавување за одреден вид на обуки како и организација на наведените обуки.

Посетата на училишната библиотека која има развиено партнерски однос со Универзитетската библиотека од Бохум се однесуваше на делот на стручното усовршување и примена на библиотечните програми во рамките на основното образование. Во училишната библиотека особено е важна волонтерската работа на учениците и нивните родители во функционирањето на библиотеката. Имено ученици се јавуваат во улога на библиотекари и на тој начин не само што се популаризира професија библиотекар, туку се стимулира тимската работа и креативни пристапи кон учење, преку користење на забавна литература и апликации на ткн. паметни телефони, за потреби на одделни предмети. Родителите ги подржуваат програмите на библиотеката со учество во разни акции, како и во организациониот дел.

Универзитетска библиотека РУБ е извонредно организирана библиотека со огромен број на бесплатни пристапи и бази, исто како и бази кои на барање на корисниците библиотеката ги купува и менува зависно од нивните потреби. Има развиено многу партнерски проекти со повеќе држави во светот.

Во делегацијата на библиотеката учествуваше и член на Управниот одбор, м-р Даниела Ќурчиевска од Технчки факултет која што лобираше и за поврзување на Ротари клуб Битола со Ротари клуб Бохум во поглед на заеднички проекти за помош при реализација на нови иновативни активности во Библиотеката.






# ВО ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА ВО ХАНГЏОУ (НР КИНА)

*Подготвила: м-р Јелена Петровска,*
*библиотекар советник*




Министерството за култура на Република Македонија во делот на зајакнување на културните врски со НР Кина во областа на библиотечното работење ја прифати иницијативата на Јавната библиотека на Хангџоу за формирање на Унија на библиотеки меѓу НР Кина и сите земји на Централна и Југоисточна Европа. По потпишувањето на договорите за соработка на ниво на министрите за култура од 19 до 22 октомври 2018 година во градот Хангџоу се одржа Првиот Форум на библиотечната унија на Кина и земјите од ЦИЕ.

На форумот (1st China-CEEC Curators' Forum of Librarian Union), кој е дел од програмата 16+1. присуствуваше делегација од четири библиотеки во Македонија: ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци" Скопје, НУБ „Св. Климент Охридски", Скопје, НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола и НУУ Библиотека „Гоце Делчев" - Штип.

На одржаниот форум беше основана Првата библиотечна унија во која ќе членуваат библиотеки од 16 земји од „CEEC" и 23 библиотеки од НР. Кина, како и потпишана Декларација и Акционен план за меѓусебно разбирање и заедничка соработка на библиотеките од Унијата. Форумот се одржуваше во Градската библиотека на Ханџоу која беше задолжена за целата организација на настанот. Почесни гости на настанот беа Претседателката на ИФЛА, г-ѓа Глорија Перез Салмерон и Лиу Хаоџин, претседателка на Библиотечната организација на Кина.

Секоја земја имаше претставување на работата и дејноста на библиотеките, беше потпишан Договор за меѓусебна соработка на ниво на професионално и стручно усовршување на вработени, техничка и информациска подршка, размена на библиографски податоци, како и културна промоција на земјите. Беа одржани четири панел дискусии на кои се дискутираше за актуелни теми од областа на библиотекарството и иднината на библиотеките, библиотечните трендови и нови иновативни сервиси.

Како претставник од НУУБ - Битола м-р Јелена Петровска, библиотекар советник учествуваше во сесија за мисијата и донесувањето на акционен план на Унијата со предлози за вклучување на Македонија во планираните активности. На тркалезната маса на тема „Цели за одржлив развој Агенда 2030" имаше излагање за местото и улогата на библиотеките во промовирањето на општество на знаење и примена на целите во секојдневната библиотечна работа.

Овој Форум ќе претставува биенална манифестација која на секои две години ќе се одржува во различна земја членка и ќе се спроведува во координација на сите библиотеки кои беа дел од настанот. На следниот линк следат повеќе фотографии https://www.facebook.com/pg/nuub.mk/photos/?tab=album&album_id=10156944070858679

# УНИВЕРЗИТЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА „МАРИЈА КИРИ СКЛОДОВСКА“ ВО ЛУБЛИН, ПОЛСКА



*Подготвила*
*Марија Малгожата Мачковска, библиотекар советник*

Лублин е универзитетски град во источна Полска. Настанокот и развојот на библиотеката се неразделно сврзани со историјата на Универзитетот „Марија Кири-Склодовска“ (УМКС). Кратко по основањето на универзитетот во 1944 година започнува и фомирањето на Универзитетската библиотека.

Денес, библиотечниот фонд има универзален карактер и содржи разновидна збирка составена од книги, списанија, стари ракописи, картографска, графичка, како и музичка граѓа. Исто така, библиотеката добива и задолжителен примерок. Многу важна улога во услужната дејност на библиотеката има понудата на електронски списанија и книги кои се достапни благодарение на лиценцираните бази на податоци и Дигиталната библиотека на УМКС.

Главната библиотека на УМКС, заедно со шеснаесетте специјализирани библиотеки го сочинуваат библиотечно-информацискиот систем на Универзитетот. Библиотечната збирка им е, меѓу другото, достапна и на студентите и вработените од други универзитети, како и на граѓаните на Лублин, на тој начин извршувајќи ги задачите на јавна научна библиотека. Самата зграда на Главната библиотека е нераскинлив дел од универзитетската средина со тоа што е ситуирана во централниот дел на главниот кампус.

Главната библиотека ги поседува следните oддели: Набавка и дополнување на фондот, Обработка на збирките, Периодика, Чување и заштита на збирките, Издавање, Научни информации, Збирка од посебно значење, Дигитализација, Самостојна секција за контрола на збирките, Самостојна секција за репрографија и конзервација на збирките.

Збирката на Главната библиотека брои над 1 740 000 библиотечни единици, и тоа: монографски изданија над 1 060 000 единици, периодични иданија над 400 000 единици, специјалната збирка има над 280 000 единици.

Специјализираните библиотеки кои влегуваат во состав на Универзитетката библиотека на УМКС се библиотеките на факултетските катедри. Вработените и студентите на УМКС имаат достап до лиценцираните електронски изданија и настрана од универзитетската мрежа.

Корисниците на Библиотеката имаат достап до следните електронски бази: ExLibris, ProQuest Ebook Central, EBSCO-eBooks Academic Collection, IBUKlibra, MyLibrary, ScienceDirect Books, Springerlink Books и Wiley Online Library Books.

Дигитални библиотеки кои им се достапни на корисниците се: Biblioteka Cyfrowa UMCS (Дигитална Библиотека на УМКС), Academica, Federacja Bibliotek Cyfrowych (FBC) (Федерација на дигитални библиотеки), Europeana и DART-Europe.



Исто така, библиотеката на УМКС има и богата едукативна понуда. Истата опфаќа библиотечни обуки  задолжителнни за сите бруцоши, онлајн обуки за користење на софтверот за организирање на библиографии Менделеј (Mendeley); обуки од областа на библиометријата - помошни обуки за научни работници кои ја опфаќаат употребата на сервисите за цитирање (WoS, Scopus, Google Scholar).

Библиотеката на УМКС учествува и во создавањето на Лублинската Виртуелна Библиотека (Lubelska Biblioteka Wirtualna), проект кофинансиран од Европските фондови за регионален развој. ЛВБ е начин да се заштити највредното културно богатство на регионот и да се овозможи ле-

сен пристап до него. Клучен елемент на Лублинската Виртуелна Библиотека е централниот портал кој овозможува интегриран пристап до дигитални библиотечни збирки, библиотечни каталози, бази на податоци создадени во библиотеките и другите културни институции од регионот, комерцијални бази на податоци користени од институциите, како и Open Source наслови од партнерите на проектот ЛВБ.

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола планира во 2019 да воспостави соработка со Библиотеката на УМКС, во рамки на која предвидена е размена на искуства помеѓу двете институции.

# ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ 2018

*Приредила*
*Гордана Пешевска,*
*библиотекар–советник*

Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола постапувајќи по известувањето од Библиотекарското здружение на Р. Македонија објавено на www. bzm.org.mk, состави трочлена комисија за спроведување на Општинскиот натпревар за избор на најдобар млад библиотекар во Општината Битола. Комисијата во состав: претседател Илче Стојановски, виш библиотекар и членови Гордана Пешевска, библиотекар-советник и Александар Крстев, библиотекар ги извести сите основни училишта во Битола и Битолско. Општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ беше реализиран на ден 02.11.2018 год. со почеток во 11 часот. Натпреварот се одржа во новата читална во поткровјето од новиот дел на Библиотеката. Учество зедоа вкупно петнаесет ученици од сите основни училишта од Битола и по еден ученик од училиштата во селата Бистрица, Новаци, Могила, Добрушево и Долно Српци.

По прегледувањето на тестовите беа познати најдобрите тројца натпреварувачи: Првото место со освоени 105 поени и припадна на ученичката Ана Долевска од ОУ „Д-р Трифун Пановски“ - Битола, ворото место и припадна на ученичката Исидора Кузмановска од ОУ „Гоце Делчев“ – Битола со освоени 99 поени и на третото место беше ученичката Анастасија Дракуловска од ОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Битола со 88 поени.

Присутните ги поздрави и им ги додели наградите директорот м-р Бојан Стефановски. Тројцата најдобри учесници добија дипломи и награди во луксузни изданија од детски енциклопедии, а на сите учесници им беа доделени благодарници и по една енциклопедија, додека на нивните ментори им беа доделени потврди за учество. Според утврдените правила за овој натпревар на 19. Републички натпревар „Млади библиотекари“ што ќе се одржи во Народната библиотека „Илинден“ – Демир Хисар на 16.11.2018 г., ќе учествува првопласираната ученичка од ОУ „Д-р Трифун Пановски“ – Битола, Ана Долевска со освоени 105 поени.






# ГРИЖА ЗА КУЛТУРНОТО НА ЛЕДСТВО ВО БИБЛИОТЕКАТА

*Приредила*
*Подготвила Ленче Андоновска,*
*библиотекар советник*





Националната установа – Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола, води грижа за недвижно и движното културно наследство со кое располага.

Недвижно културно наследство претставува зградата која функционира во два дела и тоа еден стар дел кој претставува споменик на културата и нов дел кој е надограден со поткровје. Вкупната корисна површина на целиот објект изнесува 2944м2. Објектот е во сопственост на Република Македонија, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и истиот е добро сочуван.

Движно културно наследство претставува архивскиот примерок кој го добиваме согласно Законот за задолжителен примерок и истиот се прибира, чува и обработува според меѓународни стандарди.

Превземањето активности на Библиотеката за создавање Збирка дробен печат е домен на реализација на законските одредби односно основниот ефект е зачувување на националната книжна продукција. Од 2017 година функционира Збирката Дробен печат, која содржи материјали кои се прибирани години station наназад и истата е изложена во холот на вториот спрат од стариот дел од зградата на Библиотеката и истата континуирано се збогатува.

Музејска поставка која се наоѓа во холот во стариот дел од зградата е направена од раритетни книги со кои располага Библиотеката, книги кои се купувани по одобрени проекти од Министерството за култура и на дел од нив им е направена соодветна заштита. Во поставката се наоѓаат и стари предмети, машини со кои започнала Библиотеката да функционира и др.

Правото на човекот и граѓанинот на информирање би било лицемерна декларација доколку не бидат создадени услови и окружување за универзално памтење. А библиотечната дејност е значаен сегмент на колективната меморија на вкупните духовни вредности.

# 45. ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА БЗМ

*Подготвила*
*Гордана Пешевска, библиотекар – советник*

Од 31.05 до 1.06 оваа година нашата Установа - беше домаќин на 45- то Годишно изборно собрание на БЗМ. На почеток на Собранието на присутните членови им се обрати м-р Миодраг Дадасовиќ – модератор на настанот, кој го претстави работниот дел со воведно претставување на агендата и дневниот ред и го најави обраќањето на домаќинот. Собранието официјално го отвори м-р Јосиф Петровски, претседател на Управниот одбор при НУ-УБ „Св. Климент Охридски“ – Битола. Следеше обраќање на Претседателот на БЗМ Благој Николов, кој ги поздрави учесниците и им посака убаво дружење во текот на двата работни дена.

На претходно поставените 4 теми, „Библиотеките и предизвиците на дигиталното доба“, „Библиотеките се „IN“, „Мултимедијална библиотека“ и „Комуникациски процеси во Библиотеката“ свои трудови презентираа 27 учесници: Ивона Цамтовска Јанкуловска, библиотекар, Васка Кирова, библиотекар, Гордана Пешевска, библиотекар-советник, д-р Јана Михајловска-Ивано-





ва, библиотекар, Наташа Василевска-Трајчевска, виш библиотекар, Сузана Стојанова, библиотекар и м-р Ивана Стојановска, Гонца Запрова Анастасова, библиотекар, Тања Гошева, библиотекар-советник, Магдалена Кочовска-Салтирова, библиотекар, м-р Elmedina Abdullai, библиотекар, д-р Милена Ристова-Михајловска и м-р Вилма Јованова, виш библиотекар, Андријана Апостоловска, библиотекар, Александра Аџиќ, Соња Шуковиќ, библиотекари, Драган Ристевски, библиотекар, Блага Спиридонова, виш библиотекар, м-р Мариче Боздоганова, библиотекар, Соња Манева, библиотекар, Александар Крстев, библиотекар, Силвана Јакимова, виш библиотекар, м-р Јелена Петровска, библиотекар-советник, м-р Елена Крстевска, виш библиотекар и м-р Гордана Андреева, виш библиотекар. По претставувањето на стручните трудови, следуваше дискусија по определени забелешки за формата и содржината на трудовите.

Првиот ден заврши со свечена вечера во хотелот „Молика“ на Пелистер. Вториот ден започна со претставувањето на останатите стручни трудови, а продолжи со работниот дел на Собранието: врачување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело на Блага Спиридонова од Библиотеката во Штип, избор на работно претседателство и избор на нови тела на БЗМ за периодот 2018-2020 година.

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА

*Подготвил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*
*Текстови: м-р Јелена Петровска, библиотекар советник, м-р Фатма Бајрам Земовска, виш библиотекар, Илче Стојановски, виш библиотекар, Александар Крстев, библиотекар*

## ПРЕДАВАЊА И СЕМИНАРИ

**13.02.2018**

**Обука за проектни апликаци и добивање на грантови од ЕУ**



Во новата сала на Библиотеката се одржа бесплатна двочасовна сесија за сите заинтересирани поединци и претставници на јавни институции, невладини организации и приватни компании поврзана со отворените грант повици со поддршка од EU. Притоа, посебен фокус беше даден и на отворените повици на Рамковната програма за истражување и иновации на ЕУ, Horizon 2020, кои имаат крајни рокови до Април 2018.

После оваа бесплатна сесија, обуките продолжуваат во просториите на Мегасофт Плус (Климент Охридски лам. 4/2 Битола во зградата на Пелагонка 2 , на втор спрат) со Зоран Стојковски, како главен едукатор за оваа тема со богато искуство од над дваесет години работа за меѓународни и домашни организации за поддршка на грантови.

**20.02.2018**

**Одбележан Светскиот ден на социјалната правда**

Со **едукативна трибина** во оргагнизација на Центарот за европски развој и интеграции, Здружението за одржлив развој СФЕРА Македонија-Битола, „Сумнал“-здружение за развој на ромската заедница и Организацијата на жени од Бито-




ла, беше одбележан Денот на социјланата правда-20 Февруари. Целта на оваа трибина е да се актуелизира потребата за суштинска борба против сиромаштијата, нееднаквоста, невработеноста и општествената маргинализираност

**10.05.2018**
**Учење преку NextLab и Scientix платформите**



Во Библиотеката се одржа презентација и работилница во рамките на проектите NextLab и ,,Scientix“ под наслов „**Учење на природните науки преку NextLab и Scientix платформите**“.

Учесниците имаа можност да се запознаат со:

1. Програмите Scientix и European Schoolnet Academy,
2. Учење преку истражување преку GoLab/NextLab проектот,
3. Како да направите сопствено истражувачко сценарио во училница.

На настанот присуствуваат наставници по биологија, хемија, физика, математика и природни науки. Програмите ги презентираа Силвана Ристевска – Scientix и NextLab амбасадор и Соња Јанкуловска – Scientix амбасадор . НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола во соработка со European Schoolnet Academy од Брисел се организатори на настанот.

**12.5.2018**
**„Како го победив ракот“ - Билјана Јанеска**

На ден 12.5.2018 година, во организација на НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола се одржа предавање на тема „Како го победив ракот“ со Билјана Јанеска. Сите ние, пријатели, пријатели на пијатели, познати и непознати, сите кои на било каков начин, дирекно или кај свој близок сте засегнати со темата канцер. Модератор на настанот беше Фадил Ибишовски. Присутните на настанот имаа можност да ја слушнат животната приказна на Билјана, која го победи ракот, секако, и да слушнат **што е герсон терапија и нејзината примена.**

## 22. Семинар за виртуелни библиотечни мрежи, Врујци, Р. Србија 2018

*Подготвила м-р Јелена Петровска, библиотекар советник*




**Хортикултурни е–библиотеки** – е темата на тридневниот акредитиран стручен семинар ( 6 бодови + 6 бодови - код Народна библиотека Србија и 2 еуро бодови Telehaz Asociacio), кој се одржуваше од **30 мај до 1 јуни во Врујци**, Србија. Предавачи беа д-р Адам Софронијевиќ, м-р Слободан Стевановски, Драган Сајиќ,

инж. Мирко С. Марковиќ, Весна Црнковиќ, Ратка Вучковиќ, Беба Станковиќ

Работилници: Тања Кујунџиќ. Темите се однесуваа на можностите за примена на елементи од доменот на хортикултурата во работата на јавните библиотеки и библиотечните услуги поврзани со примена на хортикултурни содржини во програмите на библиотеките.

Беа дадени примери од искуствата во поглед на достапноста за користење на литература од обласата на хортикултурните содржини. Исто така беа дадени примери на добра практика на библиотеки со развиена содржина (Smithsonian Libraries Botany and Horticulture Library Washington DC, Bagrdan (Srbija) и друштвени мрежи (EBHL – European Botanical and Horticultural Libraries Group). Потоа, се зборуваше и за хортикултурата и маркетингот во библиотеките.

Во програмата плус: Хортикултурниот дијалог беше меѓу Ласло Блашковиќ и Милош Латиновиќ. Библиотекарите од повеќе библиотеки од Р. Македонија (Скопје, Битола, Радовиш) имаа можност да го слушаат инж. Мирко С. Марковиќ кој со својата харизматична личност не воведе во светот на новите библиотечни услуги. Д-р Адам Софронијевиќ, заменик директор на Универзитетската библиотека „Светозар Марковиќ“ зборуваше за

дигитализацијата преку говорот на цвеќето и она што денес го познаваме како парадигма на новото библиотечно работење. Весна Црнковиќ, библиотекар од библиотеката во Јагодина, добитник на четири европски награди за проектот Агролиб и Инели иноватор не запозна со можностите за примена на иновативните програми и хортикултуралните модели во активностите на библиотеките.



Организирани беа и работилници со Беба Станковиќ, Инели Балкан иноватор на тема: „Библиотеките и културната дипломатијата" каде што беше даден пресек на активностите поврзани со иновативни услуги иницирани од Инели, како и хортикултурна работилница за изработка на модели на цвекиња за потребите на проектите од детските библиотечни оддели. Доделени беа и сертификати со меѓународни бодови.

Семинарот замислен како средба на библиотекари со повеќе различни професии кулминираше со заедничка вечера во руралниот тренинг центар Интернет клуб – Мала Маришта, со средба на писателите од **издавачката куќа „Лагуна" од Белград**, заедничкото дружење покрај логорски-



от оган, го заокружи семинарот како одлично организиран и тематски подготвен за промените во библиотечното работење во 21. век.

**06.06.2018**

**Бруно Шимлеша - „Школо за љубовта"**

Во преполнетата нова сала на НУУБ „Св.Климент Охрхидски" - Битола се одржа работилница - мотивациски говор на Бруно Шимлеша - „Школо за љубовта" За сè нè учат, но најмалку за љубовта и љубовните односи, а за тоа најмногу треба да учиме... → Како здраво да се сакаме себеси?! → Како да се осмелиме да бидеме искрени (кон себе и кон другите)?!

**12.06.2018**

**Семинар „Моќта на мислата"**

Библиотеката во соработка со Универзитетското радио УКЛО ФМ и емисијата Лабараторија на идеи организираа семинар за моќта на мислата. Со енергијата на мислата секој човек има можност да созададе реалност каква што сака. Се работеше на одговорот на прашањата: Што е мисла? Како мислата влијае на нашиот живот? Колку сме свесни за сопствените мисли?

Говорници на семинарот беа: Катерина Ангеловска е тренер за личен и професионален развој, мотивациски говорник и автор на книгата „333 Афирмации". Програмата за личен развој по која ја препознаваме Катерина е базирана според принципите за успех по методот на Jack Canfield www.jackcanfield.com и Елена Ѓорѓиевска Костадиновиќ која е уредник и водител на емисијата за





личен развој „Лабораторија на идеи" што се емитува на Универзитетското радио УКЛО ФМ од 2011 година Таа е новинар, телевизиски и радио водител. Како писателка, нејзината креативна енергија ја преточува во поетски и прозни дела.

## Управување со дигитални збирки

НУУБ „Св. Климент Охридски" - Битола е партнер во проектот **„Управување со дигитални збирки: нови предизвици за јавните библиоте-**

**ки**“. Во општинската народна библиотека „Браќа Миладиновци“ - Радовиш е реализирана дводневната работилница (од 2 до 3 октомври) на која се разменети искуства на темата за дигитализација и местото на библиотеките во реализација на новите услуги кон корисниците, заштита на културното наследство и можности за поголема достапност на информации. Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија и Општина Радовиш. Од страна на НУУБ - Битола, вработените м-р Јелена Петровска, библиотекар советник одржа предавање на тема „Дигитална библиотека – искуства НУУБ „Св. Климент Охридски“, Софтверски програм Greenstone 3 , додека темата „**Практичното упатство за инсталација и користење на програмата“ го презентира Александар Крстев, библиотекар информатор**.

**15.10.2018**
**Предавање за „Квантна медицина“**

Многу луѓе ја знаат добро познатата дефиниција за здравје предложена од СЗО, која гласи: ,,Здравје е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци“. Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола, ВТ - Диет клубот и Нинџицу клуб - Битола се промотори за здравјето, здравата исхрана и здравиот животен стил во Битола и пошироко.






Затоа со цел да ја подигнеме свеста за здравата исхрана и здравиот животен стил во соработка со Нинџицу клуб – Битола, во Библиотеката се одржа бесплатен серијал на предавања од областа на здравата исхрана, здравиот начин на живот и квантно - информативината медицина.

## Семинар за унапредување на библиотечните услуги

*Приредила Лидија Мирчевска, виш библиотекар*

Националната установа Универзитеска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола и виш библиотекар Лидија Мирчевска учествуваше на семинарот на тема: „ “. Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје во соработка со Народната библиотека на Србија, а под покровителство на Министерството за култура на РМ организираа семинар на тема: „**Унапредување на библиотечните услуги преку усовршување на кадри од областа на библиотечната дејност за давање услуги на лицата со тешкотии во читањето**“.



На семинарот кој се одржа на **30 октомври 2018 година** во Центарот за конференции и студии во НУБ „Св. Климент Охрдиски“ во Скопје, учество зеде и Лидија Мирчевска, виш библиотекар од нашата Библиотека.

Библиотечните услуги за лицата со тешкотии во читањето (слепите, слабовидните, со дислексија, дисграфија, глувите и наглувите, за оние кои не можат да ја држат книгата во раце итн.) треба да бидат составен дел на секоја библиотека денес, особено кога новите технологии ни овозможуваат олеснување, а достапноста на информациите преку разни медиуми придонесуваат за развојот на тие услуги и за подобрување на нивниот квалитет. За таа цел потребно е и издавачите, да станат посвесни за потребата на ваквите лица..

Обуката овозможи библиотечниот персонал од Националната библиотека и од другите градски и локални библиотеки во Република Македонија - учесници на семинарот да се запознаат со тоа како да им помогнат на корисниците со оштетен вид и другите лица со тешкотии во читањето и со каква помошна технологија (уреди, софтвери и помагала за читање и пишување) да се снабдат.

## СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ И РАБОТНИ СРЕДБИ

**10.01.2018**
**Библиотеката донира книги во битолскиот затвор**



Директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола м-р Јелена Петровска ја прифати иницијативата на директорот на КПУ Затвор Битола Драган Крајовски за спроведување на мерките за подобрување на условите и програмите за рехабилитација на осудените лица. При посетата им беа донирани 70 книги од дупликати, подарени книги и книги за размена.

**18.01.2018**
**Консултативна средба за сегментот COBISS 3 / Набавка**



Во просториите на Библиотеката се одржа консултативна средба за сегментот COBISS 3 / Набавка на монографски публикации за вработените Анета Стефановска и Науме Ѓорѓиевски. Консултативниот процес го водеше Јелисавета Костадинова вработена во НУБ „Св.Климент Охридски" - Скопје.

**08.02.2018**
**Работна средба за симпозиум**

Во Библиотеката беше одржана работна средба на в.д. директорите на националните институции Завод и музеј – Битола, д-р Мери Стојанова и НУУБ „Св. Климент Охридски" - Битола, м-р Јелена Петровска и историчарот проф. д-р Александар Литовски, почесниот конзул на Р. Австрија во Р. Македонија д-р Валентина Илиева. Беа презентирани информации во врска со организацијата и подготовките за симпозиумот „Почетоците на Австриската дипломатија во Македонија –со посебен осврт на Австриско – унгарскиот конзулат во Битола/Монастир 1851-1919", кој ќе се одржи во Библиотеката при крајот на 2018 година.

**08.02.2018**
**Клуб на читатели**



Во просториите на Библиотеката се одржа средба меѓу читатели кои извршија размена на книги. Посетителите понесоа со себе свои прочитани книги и ги разменија со книгите на другите посетители. Се поведе разговор за организирање на „**Клуб на читатели за млади и возрасни**", во рамките на кој ќе се анализираат различни книги, ќе се дискутира за омилени книги, писатели и други идеи за претставување на познати писатели и нивните дела, дебати на теми од областа на книжевното творештво итн.

**14.02.2018**
**Работна ЕКО-средба во Библиотеката**

На средбата учествуваа в.д. директорот м-р Јелена Петровска, директорот на ОУ „Св. Климент Охридски" - Битола Гордана Анастасова и Снежана Стојановска, еко координатори. На средбата се разговараше за идната соработка на Библиотеката со училиштето во областа на екологијата како и спроведување на други заеднички програми и активности поврзани со образованието и културата, книгата и книжевното творештво преку разни форми на презентација и популаризација.

**15.02.2018**
**Работна средба за регионална соработка**



В.д. директорката м-р Јелена Петровска имаше средба со директорот Петар Петрески, библиотекарот советник од Библиотеката „Борка Талески" од Прилеп д-р Нада Караџова и уметникот Петре Николоски кој од 1990 година живее и работи во Велика Британија. Меѓу другото се разговараше и за проектот „Кожата на прилепското поднебје". Проектот е замислен како поставка на инсталација со порака преку книгата до уметноста, односно преку користење на библиотечните фондови.

**07.03.2018**
**Посета и работна средба со Хоспис „Сју Рајдер“ - Битола**



По повод „ 8-ми март – Меѓународниот ден на жената е обележан под мотивот „Малку поинаков женски активизам...“, „НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола, во соработка со Ј.П. „Комуналец“ – Битола, „Организација на жени“ – Битола и ученици од средното училиште „Таки Даскалот“ –Битола (Анастасија Димовска, Сара Ристевска, Божидар Николовски се претставија со рецитирање на лирската поезија и изведба на неколку забавни песни..)

**10.03.2018**
**Во посета на библиотеката „Тими Митко“, Корча (Албанија)**

Дваесетина вработени и пензионери од Библиотеката беа на еднодневена екскурзија до Албанија со посета на Корча, Москополе и Поградец. Тие имаа можност да ја посетат библиотеката „Тими Митко”. На средбата директорите од двете институции се договорија за заедничка соработка, идни проекти и размена на искуства од тековното работење. Особен интерес предизвика посетата на православната црква „Христово Воскресение“ во Корча, како и посетата на Москополе и Поградец.



## Инсталација на мини библиотеки во Битола



Следејќи го трендот на современи библиотеки ни претствува посебна чест и задоволство што во рамките на БИТФЕСТ 2018 година продолжуваме со имплементација на проектот „**Инсталација на мини библиотеки во Битола**“ Со проектот даваме придонес кон развојот на културата на читање книги.

**23.05.2018**
**Мини библиотека во Хоспис „Сју Рајдер“ - Битола**

Како дел од програмите на Националната установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола за менување и збогатување на животот во заедницата и во рамки на одбележувањето на денот на сесловенските просветители „Св.Кирил и Методиј“, во Хоспис „Сју Рајдер“ - Битола поставена е мини библиотека со почетен фонд од 30 наслови.

**26.09.2018**
**Во Битола одбележан Европскиот ден на јазиците**



Библиотеката во соработка со здружението за македонско-германско пријателство Битола организираа презентација и работилница по повод „Денот на европските јазици“- 26 Септември. Денешната работилница што се одржа во Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола го поттикна интересот кај учениците за изучување на што е можно повеќе јазици зашто на тој начин светот станува заеднички без јазички бариери.

## Библиотеките како клучен сервис и партнер во спроведување на УН Агенда 2030 – Целите за одржлив развој



Квалитетен библиотечен сервис подразбира потполна вклученост на библиотечните програми и активности на библиотекарите во средина каде што таа делува. Библиотеките се центри за учење и пронаоѓање на потребните информациски содржини, места за средби и формирање на мрежа на активен социјален живот, носители на иновации и креативноста.

ИФЛА во своите документи ги поттикнува библиотеките во светот да ги прифатат и активно да ги промовираат УН Агенда 2030 - 17 цели за одржливиот развој меѓу кој се образование, вработување, правда, еднаквост, климатски промени, свет без сиромаштија, одржливи градови и заедници и тн.

**09.10.2018**

**Прва заедничка средба на библиотекарите во Битола**



На иницијатива на НУУБ - Битола, се одржа првата заедничка средба на сите училишни библиотекари во Битола. Темата во 2018 година е „Зошто ја сакам мојата библиотека". Оваа година се фокусираме на влијанието на училишните библиотеки и избравме тематска формулација за која веруваме дека ќе биде достапна за сите наши учесници (на возраст од 3 до 18 години).

**Волонтерството во библиотечното работење**

Во рамките на своите заложби Библиотеката активно да се вклучи во креирање на културните и образовните политики во градот ќе бидат широко отворени вратите за волонтирање на лица вљубеници во книгата, како и за креирање на иновативни библиотечни програми.

НУУБ „Св. Климент Охридски"- Битола потпиша меморандум за разбирање со Мировниот корпус со канцеларија во Скопје. Програмата со волонтери е дел од договорот на Владата на Р. Македонија и Мировниот корпус кој се темели врз програмите за развој на заедницата.

Мировен корпус е агенција за волонтерска служба на Владата на САД основана од претседателот Џон Ф. Кенеди во 1961 година.

## ПРОМОЦИИ НА КНИГИ

**22.12.2017**

**Промовиран прирачникот „Боите на животот"**

ОУ „Св. Климент Охридски" - Битола во соработка со партнерите НЦРИПУ- Битола и Здружението за развој на Ромската заедница „Сумнал" - Битола го добија микро грантот за проектот „Боите на животот" од Академијата на училишта од средна Европа АЦЕС. Преку истиот се спроведоа низа



активности меѓу кои и отворањето на човечката библиотека каде книги се личности од општественото живеење.

Во роднокрајната читална на Библиотеката беше одржана завршната активност - тркалезна маса на тема „**Човечката библиотека во функција на намалување на социјалната инклузија кај учениците од основните училишта**", каде и ќе биде презентиран истоимениот прирачник. Издавач на прирачникот е Библиотеката.

**14.02.2018**

**Книгата и љубовта**





Во Библиотеката беше одбележан Меѓународниот ден на подарување на книга, Празникот Св. Трифун, како и Св. Валентин - денот кога се слави и празнува љубовта како меѓусебна човечка доблест и убавина на сите луѓе, со литературна средба на која се рецитираа познати поетски творби од изборот „**Македонска љубовна лирика**", како и исполнување на музички точки, песни од забавната музика со љубовна тема.

Оваа програма Библиотеката ја реализира во соработка со Средното општинско училишта „Таки Даскало" од Битола.

**08.03.2018**

**„Она што не и го кажав на мојата учителка...."**



Во рамките на тридневното одбележување на празникот 8- ми Март - Меѓународниот ден на жената, **Организацијата на жени Битола**, во партнерство со Библиотеката, ги додели наградите од конкурсот за краток расказ на тема „**Она што не и кажав на мојата учителка....**".

Првата награда ја доби Ана Георгиева од Штип, втората награда е доделена на Божана Тренчевска од Прилеп, а третата награда отиде во рацете на уште една штипјанка, Нина Стојанова.

**20.03.2018**

**Средба со писателката Ренате Велш во Библиотеката**

Ученици од Битола имаа несекојдневна можност да присуствуваат на литературно читање со една од најпознатите австриски писателки за деца, Ренате Велш, што се одржа во НУУБ - Битола, но и да ѝ покажат колку добро научиле да го зборуваат германскиот јазик во своите училишта.



Писателката Велш на своите седумдесет години допатува во Битола и на учениците лично им прочита извадоци од своите раскази наменети за деца, а потоа им раскажуваше за својот живот, мотовацијата за творење, па дури и за тешките периоди што ги поминала за време на Втората светска војна.



Ренате Велш е родена 1937 година во Виена, студирала англиски јазик, шански јазик. Нејзините дела имаат добивано многу награди. Таа живее во Виена. Има добиено повеќе од 25 награди. Неколку ученички направија драматизација од некои нејзини дела и ѝ подарија книга на германски јазик.

„Таа е уникатна авторка на над 80 дела читани и преведувани на многу јазици. Нејзините дела се многу наградувани. Таа е повеќекратен добитник на Австриската државна награда, Наградата на градот Виена, за романот „Јохана“ беше одликувана со Германската награда за литература за деца и млади. Нејзиниот целокупен творечки опус беше одликуван со награда за животно дело во 1995 година“, рече наставничката по германски јазик Симона Монавчева.

Учениците од ОУ „Елпида Карамнади“ со наставничката Билјана Митковска, од ОУ „Гоце Делчев“ со наставничките Елена Поповска и Афродита Бахан и од ОУ „Тодор Ангелевски“ со Симона Монавчева пред австриската писателка се претставија со драматизации на нејзини дела. Тие ѝ подарија свои изработки поврзани со темите од делата, а таа воодушевена од топлиот прием им подари автограм. „Ова е исклучителна можност во Битола да бидеме почестени со еден брилијантен автор, кој добил 25 награди за своето творештво. Од 1970 година пишува книги за деца, млади и возрасни. Живее во Виена. Нејзините книги, за жал, не се преведени на македонски јазик, а во Библиотеката има 6 наслови кои се дел од австриската збирка, благодарение на австрискиот конзул д-р Валентина Илиева“, рече в.д. директорката на Библиотеката, Јелена Петровска.

**21.03.2018**

**Одбележан Светскиот ден на поезијата**

Секоја година, 21-ви Март е резервиран за одбележување на три големи настани. Освен што ќе и кажеме големо „добредојде“ на пролетта, на екологијата исто така и на Светскиот ден на поезијата.









Во старата сала за промоции се одржа поетска манифестација, на која учествуваа млади поети од основните и средните училишта кои претходно се пријавија на отворениот распишан повик за учество на манифестацијата со свои поетски творби.

**28.03.2018**

**Литературна средба и средба на оратори „Чист воздух за сите“**



По повод одбележување на Месецот на екологијата и по распишаниот конкурс на тема „**Чист воздух за сите**“, се одржа литературна средба и средба на оратори во организација на ОУ „Св. Климент Охридски“ – Битола и Библиотеката.

**Промоција на книга „Чудесните светови на Алиса“**



Во Библиотеката беше промовирана книгата „Чудесните светови на Алиса“ на авторката Мерсиха Исмајлоска, во издание на Вермилион која ги обработува книгите „Алиса во земјата на чудата“ и „Алиса во светот на огледалото“ од Луис Карол и нивните интерпретации во визуелните уметности и воопшто во културата.

**18.04.2018**

**Книги: „Стандарден македонски јазик“ и „Академско пишување“**



Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ –Битола и Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола ги промовираа книгите „**Стандарден македонски јазик**“ од проф. д-р Виолета Јанушева и „**Академско пишување1**“ од проф. д-р Виолета Јанушева и доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска.

Книгата се темели на најдобрите традиции на она што се вика македонска лингвистичка школа, почнувајќи од Блаже Конески како нејзин основач до денес, а ова дело понатаму ќе значи пренесување на знаењето на помладите студенти, рече првиот промотор на учебникот „Стандарден македонски јазик, проф. д-р. Људмил Спасов.

**11.05.2018**

**Промоција на поемата „Судбината на буквите“**



Во старата сала за промоции на Библиотеката беше промовирана поемата „Судбината на буквите „од Мирјана Стојановска, во издание на Здружението за наука и култура „Нова“. Книгата ја промовираше писателот д-р Христо Петрески, а стихови читаше алтернативната актерка Ана Жежовска. Поемата содржи десет пеења-светлини и секоја ги носи буквите од името „Македонија“: М-прва светлина, А-втора светлина, К-трета свтлина итн.

## Промовиран романот на годината 2017

*Приредил Александар Крстев*



Од вкупно 28 книги кои се натпреваруваа за Роман на годината за 2017, во периодот од 15 декември до 15 јануари, а спроведен во организација на Фондацијата „Славко Јаневски”, првата награда ѝ припадна на **Фросина Пармаковска** за романот „**Одбројување**“. Романот беше промовиран на 13 јуни. Издавач на романот е „Или-или“, а книжевната награда „Роман на годината“, која од 1999 година ја доделуваше згаснатиот „Утрински весник“, годинава првпат ја додели фондацијата за промоција и унапредување на културните вредности „Славко Јаневски“.

Меѓу авторите чии наслови беа во конкуренција за награда беа и Блаже Миневски, Оливера Николова, Владимир Плавевски, Јордан Плевнеш, Луан Старова, Јусуф Сулејман, Влада Урошевиќ, Ивица Челиковиќ…

**23.06.2018**

**Авторот Коста Петров во Битола**

Реномираниот автор Коста Петров вчера го привлече вниманието на битолската читателска јавност. Присутните имаат можност напосредно да разговараат и да ги споделат своите доживување на неговите книги „Се гледаме на врвот“,



„Стравот", „Нашето последно кафе" и „Никој не рече дека ќе биде лесно" кои се продадени во над 30,000 примероци.

**03.07.2018**
**Поетскиот караван тргна од Битола**




Почнуваме со промотивните активности на проектот „СТИХУВАЛКИ 2018". Првата промоција на ЗБИРКАТА со ПОЕТСКИ ТВОРБИ од 49 избрани автори, се одржа во Битола, во просториите на Библиотеката.

**06.07.2018**
**За првпат работилница „Креирај - Слемирај"**



Во Библиотеката се одржа првата работилница за слем – поезија.

Проектот насловен како „Креирај - Слемирај!" е поддржан од страна на „Бит Фест" програмата за развој на Битолско културно лето. Слем- поезијата е одлична можност за младите да ги научат современите уметнички перформанси и да ги изразат своите стихови во вид на личен став со кои ќе поттикнат прашања во нашиот град. Едукатори на работилниците беа Ана Гегова, Елена Богдановска.

**23.07.2018**
**Одржан слем-натпревар КРЕИРАЈ-СЛЕМИРАЈ!**



Во просториите на Библиотеката се одржа натпревар за слем – поезија во рамки на проектот Креирај- Слемирај! На натпреварот зедоа учество околу десетина учесници кои активно учествуваа во претходните три работилници за слем - поезија. За официјален победник на натпреварот беше прогласена најмладата поетеса и

надежна слемерка Андреа Наковска, која што беше наградена со бесплатно членство во библиотеката. Беа поделени и книги за сите учесници.

**14.09.2018**
**Промовирана збирката „Слемирај - Кремирај"**



**27.09.2018**
**Илустрирана енциклопедија „Јас сум мал научник геолог"**



Дали знаеме што се троглобити? Дали сме размислувале дека карпите не се еднаш засекогаш дадени во природата, туку се менуваат, Колку е тешка земјата? Колку е стара? Како настанале дијамантите…? Ова се само некои од одговорите кои ќе ги најдете во првата детска илустрирана енциклопедија „**Јас сум научник геолог**".Така ја започна својата презентација Весна Божиловиќ пред присутните на настанот кој се одржа во просториите на Библиотеката.

## ПРОМОЦИЈА НА ПРИРАЧНИК ЗА МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ

*Подготвила Гордана Пешевска, библиотекар-советник*

На 30 октомври во новата сала на Библиотеката беше промовиран прирачникот

**„Библиотекарство" - прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот „Млади библиотекари"** од авторите Благој Н. Николов, библиотекар-советник, Гордана Пешевска, библиотекар-советник и м-р Дијана Кирова. За публикацијата зборуваше Богомир Наумовски, би-



блиотекар советник. Во прирачникот се поместени теми од доменот на развојот на писмото, книгата, историја на библиотекарството во Македонија, библиотеките, библиотечното работење, современите трендови на автоматизирано работење, современите трендови во библиотечната теорија и практика. Првиот прирачник „Млади библиотекари" од Миле Бошевски, библиотекар советник беше издаден од Библиотекарското друштво на Македонија во 2003 година со цел да им помогне на најмладите да се стекнат



со знаење од основите на библиотечната дејност, а воедно тој стана и основен прирачник за кандидатите – учесници од основните училишта на натпреварот „Млади библиотекари", како на општинско така и на републичко ниво.

После подолг период се наметна потребата Библиотерското здружение на Македонија (БЗМ) да издаде нов прирачник кој го опфаќа современото работење во библиотечната дејност, односно современите автоматизирани процеси кои наметнаа и нови поими.

## АКТИВНОСТИ ВО ДЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА

*Подготвила*
*Фатма Бајрам Аземовска,*
*библиотекар*



**21.12.2017**
**Нашата празнична магија**

Со цел збогатување на Новогодишните празници, Библиотеката направи соработка со приватаната школа за странски јазици „ Rosetta Stone", ОУ „Коле Канински" и „Сумнал" – здружението за развој на Ромската заедница.

Активностите започнаа на 21 декември кога во холот на Библиотеката беше приредено пријатно предновогодишно изненадување кое за прв пат се случи во битолската библиотека, со помош на волонтерите од Мировниот корпус David Scrivener и Barbi Stimac.



Оригиналната, одлично уредена новогодишна елка, која е направена од 500 книги од фондот на Библиотеката (се прави за првпат) е причина

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

**ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ**

СЕДУМТЕ СЕСТРИ – Лусинда Рајли
ЖЕД – Ју Незбе
СНЕШКО – Ју Незбе
БУБАШВАБИ – Ју Несбе
23 - Баркли
ПОСЛЕДНИОТ ИСТРЕЛ - Баркли
ПАНДЕМОНИУМ 1, 2, 3 – Лорен Оливер
РОНАЛДО – Лука Кајоли
МЕСИ – Лука Кајоли
ПОТЕКЛО – Ден Браун
ПРЕЉУБА – Пауло Коелјо
НЕЗАБОРАВ – Алисон Ричман

**ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА**

НОВИОТ ДЕН – Смиле Наумовски - Брсјак
КОГА СВЕТОТ БЕШЕ МЛАД – Јирг Шубигер
ТАТО ИМАМЕ ПРИКАЗНА – Александар Таковски
ПЕТНАЕСЕТ ТУРСКИ ПРИКАЗНИ – Аднан Бинјазар
ТОРИ – ПИРАТСКАТА КРАЛИЦА - Јохансен
ЈАВАЧОТ НА БОЖИЛАК – Горјан Петрески
СЕРИЈАЛ ДИСКСВЕТ – Тери Прачет
ЛЕТУВАЛЦИТЕ ОД СЛАВИНО – Александар Поповски
НОВИОТ ПОЛИЦАЕЦ – Кејт Томсон
ТИ ЧУКА СРЦЕТО ЗА МЕНЕ – Горјан Петревски
МИ ЧУКА СРЦЕТО ЗА ТЕБЕ – Горјан Петревски
НИ ЧУКААТ СРЦАТА – Горјан Петревски

повеќе, поголем број на љубители на книгата да дојдат да позајмат или да вратат книга, или едноставно дојдоа да се фотографираат.

**09.02.2018**
**Посета на ученици од ОУ „Стив Наумов" - Битола**



**22.03.2018**
**Одбележан Светскиот ден на водата**

Библиотеката и ОУ „Даме Груев" - Битола го одбележаа 22 Март Светскиот ден на водата.



Учениците и наставникот Митко Јанески поставија упатства за рационално користење на водата, електричната енергија, за одржување на хигиената во зградата и зеленилото во дворот итн.

**„Библиотека на тркала во Битола"**



НУУБ – Битола, Фондацијата „Чекор по чекор" и „Сумнал" – здружението за развој на Ромите денеска заеднички го одбележаа 2 Април -Светскиот ден на книгите за деца и 8 Април - Меѓународниот ден на Ромите. За таа цел, денеска ја промововираа кампањата „**Прочитај ми сказна за да го разберам светот**", со цел да се популаризира читањето книги кај ромските деца од најмала возраст, како и кај сите деца.

**23.04.2018**
**Светскиот ден на книгата и авторското право**



НУУБ - Битола во соработка со СОУ „Таки Даскало" - Битола традиционално го одбележаа 23 Април - Светскиот ден на книгата и авторското право. На настанот се читаа пораките од Одре Азуле, Генерален директор на УНЕСКО и од Роберт Алаѓозовски, министер за култура на Република Македонија. Во посета на библиотеката, денеска исто така беа и децата кои ја посетуваат градинката „Естреја Овадија Мара" - Битола.

**05.04.2018**
**„Велигденско патување"**





НУУБ – Битола, приватната школа за странски јазици „Росета Стоун" – Битола, Француска Алијанса – Битола, Центарот за германски јазик „Илиеви" - Битола и ОУ „Гоце Делчев" – Битола го организираа настанот наречен „**Велигденско патување**". Настанот опфати презентации од ученици за Велигденските обичаи во Македонија, Англија, Израел, Бразил, Германија и Франција.

Учениците презентираа за Велигденските симболи и кратка драматизација за велигденските обичаи.

Во холот на библиотеката изложени беа паноа со фотографии и изработки од страна на учениците.

**03.05.2018**
**Читаме во лето**

Во рамките на иницијативата „Битола чита", како дел од започнување на голема акција за популаризација на читањето, во холот на Библиотеката е поставено „Дрво на книгата".



Притоа, секој корисник може да се запознае со новите наслови кои ги имаме во фондот на Библиотеката и потоа истите да ги побара и изнајми за време на летниот одмор.

**21.5.2018**
**Акција „Сите во библиотека“**

Во рамките на акцијата „Сите во библиотека“, поттикната е иницијатива за доближување на библиотечните книжни фондови до децата од основното образование - со посебно насочување кон основошколците од 5-8 одделение. За таа цел, Одделот за популаризација од НУУБ - Битола посети неколку основни училишта во Општина Битола и на учениците им подели анкетен прашалник преку кој се доби повратна информација во врска со подобрувањето на услугите на Библиотеката и нејзино поуспешно и функционално работење.

### Нови и популарни наслови од литературата за деца



Во рамките на акцијата „**Сите во библиотека**“, покрај другите активности, поттикната е и иницијатива за доближување на библиотечните книжни фондови до децата од основното образование. За таа цел во холот на НУУБ „Св. Климент Охридски„ – Битола, поставена е изложба на книги „Нови и популарни наслови од литературата за деца“.

На изложбата се претставени наслови на книги кои ги препорачуваме како слободна литература за време на летниот распуст.

Исто така ги информираме нашите корисници дека Библиотеката веќе ги набави и лектирите предвидени со новата програма од Министерството за образование и наука.

**22.05.2018**
**Вечерна глаголица**



Вечерна глаголица за дечињата од Битола, во НУУБ - Битола. Компјутерот е супер „цар“ на денешницата, но ние вечерва изградивме цело супер царство кое знае да прави мудар спој на современото и традицијата. Се навративме на почетоците на словенската писменот и делото на Кирил и Методиј. Преку игри и предизвици за дешифрирање си игравме со кирилицата и ја запознавме глаголицата.

### Посета на културно историски споменици



Учениците со помош на волонтерот од Мировен корпус David Scrivener и туристичкиот водич Андреј Мачковски, освен што учеа на англиски јазик кои се и како се изговараат културно историските споменици во Битола, имаа можност и истите да ги посетат.

### Читаме во природа и учиме низ игра



Читаме во природа и учиме низ игра! Креативна едукативно-забавна работилница за деца На отворено, во Градскиот парк во Битола си играме игри, се забавуваме и се дружиме.

ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ ВО РАМКИТЕ НА БИТ ФЕСТ 2018

**19.4.2018**
**Работилница за изработка на бук - маркери**

По повод одбележувањето на 23 Април – светскиот ден на книгата и авторските права, НУУБ – Битола, покрај другите активности, ја организира и втората работилница за изработка на бук маркери со Здружението на уметници ракотвор-



ци на Македонски ракотворби – Битола и СОУ „Таки Даскало“ - Битола. На работилницата беа присутни ученици од СОУ „Таки Даскало“ - Битола, графичка струка под менторство на наставникот Катерина Маурдева. Кои заедно со здружението ги изработија прекрасните бук-маркери и други рачни изработки и ќе бидат поставени во холот на библиотеката.

**25.06.2018**
**Работилница „Ајде да откриваме тајни...“**




**02.07.2018**
**„5 возбудливи авантури околу логорскиот оган“**




Заедно со учителката Весела, дечињата од Битола ги откриваа тајните на Титаник, патуваа во средновековен замок, ги открија мистериите за пиратите и патуваа на мисија на Месечината, а сето тоа во едно место и во исто време, во детскиот оддел на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**„1000 зошто 1000 затоа, во магичната земја на тајните“**




Општина Битола и Национална установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола се грижат за своите најмлади граѓани и ги задоволуваат нивните желби и детски потреби, а во таа насока со поддршка на проектот на нашата учителка, Весела Богдановиќ, овозможија прилика за креативно лето на дечињата

**16.07.2018**
**Магичен свет на бајките**






За време на работилницата учесниците имаа прилика да откријат повеќе техники за забавно читање, разбирање и анализа на прочитани приказни и книги.

Работилницата започна со презентација на идеи за фокусирање и воочување на важни елементи на едно книжевно дело. На дечињата им беа понудени преку 20 книги и сликовници за избор и обид за игрива анализа, заедно со материјал и средства за обликување, моделирање, цртање и пишување.

**13.07.2018**
**Работилница - „Калиграфија – ракописот како уметност“**

Вештина на убаво пишување и малку историја на пишувањето. Учениците патуваа во времето на глинените плочки, папирисот, пергаментот, златните и бакарни плочи, дрвени и восочни таблети..Добија повеќе идеи за истражувања и креативна работа во домот, а книгата „1000 зошто 1000 затоа“ во целост го привлече детското внимание. Дечињата денес имаа прилика да се запознаат и дружат и со еден од авторите на нивните учебници по македонски јазик, госпоѓата Љубица Севдинска, која допатува од Скопје.



**Работилница „Тајните на археологијата“**

На двочасовна работилница во просториите на НУ Завод и музеј Битола, дечињата и учителката Весела ги откриваа тајните на археологијата. Де-



чињата имаа прилика да учествуваат и во симулација на собирање и почетна анализа на материјални остатоци за време на импровизирано археолошко ископување. Наоѓаа фрагменти, ги обележуваа, анализираа, мереа, ги цртаа, соработуваа во обид да состават целини, истражуваа со лупи и нараквици... Музејот широко ги отвори вратите за реализација на оваа наша мисија и навистина сите се чувствувавме прекрасно.

**21.02.2018**

**Меѓународниот ден на мајчиниот јазик**

На 21 февруари, заедно со најмладите читатели од ОУ Даме Груев, во НУУБ – Битола, беше одбележан Меѓународниот ден на мајчиниот јазик. Темата беше,

„Мајчиниот јазик – наш идентитет и наша култура“ Во светот се зборуваат над 6000 јазици, а на половината им се заканува исчезнување.

В.д. директорката м-р Јелена Петровска зборуваше за мисија на библиотеката која што со своите библиотечни програми и проекти е еден од столбовите во процесот на зачувување на мајчиниот јазик. Мајчиниот јазик треба да се негува од најраната возраст, во семејството, народните умотворби и и приказни, а Библиотеката преку своите активности работи на популаризација на македонската литература.

Гане Тодоровски ќе рече: „Судбината на јазикот е и судбината на народот“.

**ДВАЈЦА БИБЛИОТЕКАРИ СОВЕТНИЦИ ВО ПЕНЗИЈА**

Во месец септември оваа година двајца библиотекари отидоа во пензија, Јоланда Бошевска, библиотекар советник и Благој Николов, библиотекар советник. Јоланда скоро целиот свој работен век го помина во Одделот Библиографии, рабо-



тејќи на повеќе свески на Битолски весник, Универзитетот во Битола и НУУБ – Битола, Персонални библиографии за Вера Стојчевска Антиќ, Владимир Костов, Ѓорѓи Димовски Цолев, Никола Кочовски, Радован П. Цветковски, Магистерски трудови и докторски дисертации на Универзитетот во Битола, од 1990 до 2016 година и други. Благој поголемиот дел од работниот век го помина во Одделот Унапредување на библиотекарството. Беше инструктор за COBISS / зајмување во ВБ на МК. Избиран е трипати (со мандат од две години) за претседател на Библиотекарското здружение на Македонија (БЗМ). Автор е на неколку книги - стручни изданијаза каталогизација (Библиотечно работење 1 и 2), последен е Прирачникот за кандидати на натпреварот „Млади библиотекари. Добитник е на Наградата „Климентова повелба“ за доживотно дело. На двајцата, Библиотеката им подготви свечена разделба и им беа врачени подароци - рачна изработка.



# 13. РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ

*Подготвил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*

Тринаесеттата средба на роднокрајните битолски писатели од Македонија се одржа на 8 јуни (петок) во старата сала за промоции на Библиотеката. Писателите излагаа / разговараа на тема: „**Моите емотивни изблици преточени во збор**“. Овој пат новина беше тоа што текстовите на писателите беа претходно поставени на ВЕБ – страната на Библиотеката како студентите би можеле да ги подготват своите прашања. Воведен збор имаше в.д. директорката м-р Јелена Петровска која истакна дека оваа традиционална средба е општествена и културна мисија за зачувување на вистинските вредности, мајчиниот јазик, културата и пишаниот збор,

воопшто... Книгите се наши сојузници во ширењето на образованието, науката и културата, како и информации насекаде во светот... Беа накратко изнесени петнаесет (17) излагања од пријавените писатели: Владимир Костов (во отсуство), Радован П. Цветковски, Никола Кочовски, Ѓорѓи Прчков, Добре Тодоровски, Ванде Ганчевски, Петре Димовски (во отсуство), Весна Мундишевска Вељановска, Сања Мучкајева Видановска, Биљана Т. Димко, Вера Стојчевска Антиќ, Христо Петрески (во отсуство), Ванчо Полазаревски (во отсуство), Петко Шипинкаровски, Љубе Митрејчевски, Мирјана Стојановска, Гордана Стојановска, Елизабета Јончиќ и други.

Средбата се одвиваше во две сесии и после секоја сесија присутните студенти од Педагошкиот



факултет Битола поставуваа прашања, како: Што е потешко да се пишува, поезија или проза? Кој е патот по кој настанува едно дело? и тн. На најактивните студенти им беше подарена по една книга од писателот Радован П. Цветковски, а на другите присутни им беа подарени списанија Библиотечен тренд и Зборник од последната 12. Роднокрајна средба. На писателите – учесници, в.д. директорката м-р Јелена Петровска им врачи благодарници. Посебна благодарност до професорките од Педагошкиот факултет Битола Даниела Андоновска Трајковска и Виолета Janушева за придонес во организацијата со студентите - учесници.

После Средбата на студентите им беа дадени прашалници за евалуација на Средбата. Резултатите покажуваат дека Средбата беше на одлично ниво и повеќето анкетирани се изјаснија дека се потребни повеќе средби од ваков вид. На сите присутни студенти им беше подарено едногодишно бесплатно членство во Библиотеката.

**Даниела Андоновска-Трајковска**
**КОГА ПОЕТОТ ЈА СОЗДАВА ПЕСНАТА...**

Многу често емоцијата може да суштествува во поетот подолго време и тој да ја носи со себе како енергија која зрачи и која чека да биде актуелизирана во момент кога таа ќе стане зрела за да биде обликувана како мисла.

**Ванде Ганчевски**
**БОЛНОТО СТУДЕНИЛО НА МОИТЕ ЕМОЦИИ**

Потребни ми беа само 24 дена, да ја комплетирам триделната збирка од 87 песни. Ме силеа и ме носеа брановите од емотивната разнежена, разжалостена плачлива состојба. Ако не беа тие и ако не беа такви, никогаш немаше да ја напишам.

**Петре Димовски**
**МИСЛИ И АКЦИИ**

Емоцијата во делото ја засилувам со широка употреба на сликата, со фигуративна јазична симболика, како и со внесувањето други лингвистички и структурални елементи традиционално многу поблиску поврзани кон поезијата отколку кон прозата. Тоа поттикнува да се интензивира имагинативната, интелектуалната и естетската сензибилност од читателот.

**Елизабета Јончиќ**
**ПОЕЗИЈА – СТРАСТ ЗА УБАВИНАТА НА ЗБОРОТ**

Восхитено трепери и не помислува да го пресече патот на топлината, се шири и расне стравотно, се кова пуполката ширејќи миризба на цвет, за на крај да добие место, каменен столб ѕосидан од немири, да трае и опстојува за на век. Лирската свеченост патува со детска радост, со женски плач, со младешки копнеж, старечка мудрост, со клучот на сонот носејќи ги како литија под огнената ѕвезда на музата. Огнената ѕвезда на духот. Јас така чувствувам.

**Љубе Митрејчевски**
**МОИТЕ ЕМОТИВНИ ИЗБЛИЦИ ПРЕТОЧЕНИ ВО ЗБОР**

„Црн гарван црна судбина
со црн клун и канџи ножишта,
пратен од натемаго,
пуштен од судбината,
утрово слета на липата
откарши мојот прозорец.
Го видов преку него
на снегот како стоеше.
Со клунот тој снег колваше
и зинат везден гракаше“.

**Весна Мундишевска-Велјановска**
**КОГА ЗБОРОТ СТАНУВА ПЕСНА**

Во отсјајот на светкавите траги
од полжавот на времето
вгравирани во релјефот
на една земја –ораница
посадив Збор.

Зборот преточен во песна е мултимедијален спој зачинет со блескави изблици среќа или горчлив неспокој, лирска апстракција со набој на срцебиеж пред ерупција, катарзично сликање со звучно совпаднати римувани значенски единици или произволно распнати скици во едрено-сводовна конструкција...

**Сања Мучкајева Видановска**
**ВРТЛОЗИ ВО СРЖТА НА РОМАНОТ**

Можам лободно да кажам дека еден роман е емотивен изблик, но кој се гради полека и сигурно, со креативна размисла за сите настани, дијалози и градацијата на моментот кој го држи читателот буден…

**Радован П. Цветковски**
**ПИСАТЕЛОТ И ЗБОРОТ**

Ако зборот е клуч и за нагоре и за надолу за него треба да постои и осговорност. Блаже Конески велеше: „Секогаш тргнувај од тоа што сакаш да кажеш. Но и внимавај како го кажуваш тоа. Со кој збор почнуваш.

**Христо Петрески**
**АВТОРСКИ ЕМОТИВНИ ПОЕТСКИ ИЗБЛИЦИ, ИЛИ ОСАМЕН ГЛАС ВО ПУСТИНА**

Луѓето денес имаат повеќе време за сè друго, па и за политиката, освен но не и за поезијата. Таа не може конкретно и вистински да го смени светот во ова антипоетско секојдневие, кога човекот има време (само) за пари, кафе, ќебапи..., речиси за сè друго, но не и за поезија.

**Ванчо Полазаревски**
**ДЕЦАТА – ПРИЧИНА ЗА МОЈОТ ЕМОТИВЕН ИЗБЛИК**

Е сега самиот изблик на емоции. Тоа еруптирање од нас и во нас кон други, од други. Кога, како, колку, што со тој толку важен процес на нашите мисли, толку потребен за потоа ние со зборовите, ваши и мои алатки, кога пишуваме да можеме од многу навидум банални ситуации да добиеме раскошни слики на тивкост, крици на птици, пејзажно фасцинирање, исполнување на нашиот ум...

**Ѓорѓи Прчков**
**ЕМОТИВНО ШПАРТАЊЕ НИЗ БИТОЛА**

Гледајќи ја битката за превласт на гулабот и змијата кој да биде симбол на Битола, ме мачеше мислата анализирајќи според нежната конструкција на гулабот и лукавата смртоносност на змијата дека доброто би можело да биде поразено.

**Вера Стојчевска Антиќ**
**ПОЕЗИЈА ШТО ПЛЕНИ И ОБВРЗУВА**

И кога ја чувствуваме сржта на нашето постоење една незаборавена стрела не потсетува да не ги заборавиме сите македонски перипетии, кои за среќа, не ни го одзедоа идентитетот, зашто тој е наше најдрагоцено наследтво од нашите предци.

**Биљана Т. Димко**
**СЛОБОДНИОТ ЧЕКОР ПО БОДЛИКАВА ЖИЦА**

Уметникот чувствува, има развиена интуиција, чекори пред времето, запира пред вечноста, да, тој го бара мирот за својата душа, но тоа претставува една постојана одисеја, затоа што уметноста е невозможно да се роди во лулка на целосна потполност и среќа, таа се раѓа во неискажаното, непрегрнатото, невиденото, болното, невидливото...

**Добре Тодоровски**
**ГРАДАЦИЈА НА ЕМОТИВНИОТ НАПЛИВ**

Како што одминуваше времето, се ми се чини научив да чекам, потајум да ја демнам инспирацијата, тој емотивен наплив, како плима да наиде емоцијата за зададена мисла или тематика, дали се работи за песна расказ, дел од романот, дигресија или сврзно ткиво во романескнoто дејствие... Онај кој добро ја познава поезијата и прозата, може да го насети моментот на силните авторови емоции во секое дело.

**Петко Шипинкаровски**
**МОИТЕ ЕМОТИВНИ ИЗБЛИЦИ ПРЕТОЧЕНИ ВО ЗБОР**

Бројни се примерите, каде, како резултат на љубовта кон историјата и македонските патишта до слобода и самобитност, ми било нишка водилка во прозното, драмското, поетското творештво, во публицистиката и сл.

# ИЗЛОЖБИ 2018

19.03.2018
Пристигнување на пролетта



25.03.2018
„Библиотеката низ печатот 1945-2018“



22.05.2018
Изложба по повод 24 Мај,
ден на светите браќа Кирил и Методиј



115 години од Илинденското востание
1903-2018



8 - ми септември, Денот на независноста



04.10.2018
Изложба „За изгубениот Сефардски свет
од Западен Балкан“



Изложба по повод Денот на востанието
11-ти Октомври



Изложба по повод 4-ти Ноември



НУ УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
- БИТОЛА -

ISSN 1409 - 9497